РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT ISO 9001 QMS CERTIFIED
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, кој опфаќа простор од 21,98 ха, со следните граници:

- на **југ** булевар „АСНОМ“, улица „1647 – крак 7“ и улица „1647 – крак 6“;
- на **запад** улица "Беласица";
- на **север** булевар „Александар Македонски“;
- на **исток** улица „Интернационални Бригади“, улица „1647 – крак 7“ и улица „1647 – крак 8“

Во рамките на Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, се предвидени следните класи на намена:

**Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:**
• Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат) – основна класа на намена **Б2**;
• Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради – основна класа нанамена **Б4**;
• Хотели и хотелски комплекси – основна класа на намена **Б5**;
**Инфраструктури - група на класа на намени Е:**
**Сообраќајни, линиски и други инфраструктури – основна класа на намена Е1:**
• Сообраќајни патни инфраструктури – Примарни и секундарни улични мрежи во населени места - подинечна класа на намена **Е1.1**;
• Инфраструктури за пренос на електрична енергија - Трансформаторски станици - поединечна класа на намена **Е1.8**;
• Цевни водоводи и продуктоводи - Гасоводна шахта - поединечна класа на намена **Е1.10**;
**Згради и комплекси на инфраструктуните системи – основна класа на намена Е2;**
• Згради и комплекси на патниот сообраќај - Бензинска пумпа - поединечна класа на намена **Е2.1**;
**Зеленило, рекреација и меморијални простори - група на класа на намени Д:**
**• Заштитно и сообраќајно зеленило – основна класа на намена Д2.**

Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, ќе биде изложен во просториите на УЗ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Автокоманда, во рок од 30 дена и тоа почнувајќи од **29.09.2026 год. до 29.10.2026 год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација по** Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, ќе се одржи на ден **08.10.2026 год**. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на УЗ Автокоманда.

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр.28-3/1914/12
од 09.09.2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски